## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**Од Петтото продолжение на Сто седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 23 септември 2005 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,01 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа по Сто и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Се извинувам, ќе ми треба малку подолго време да ги прочитам отсатните. Имајте трпение.

Пратениците Слободан Најдовски, Ангелка Пеева Лауренчиќ, Зоран Крстевски, Соња Лепиткова, Љупчо Мешков, па Љупчо Мешков го видов сега, Али Ахмети, Агим Џелили, Хусеинџевад Хусеини, Абдулаќи Адеми, Јани Макрадули, Благородна Мингова Крепиева, Ангел Димитров, Славица Грковска, Абдулади Вејсели, Марија Којзеклиска, Спиро Мавровски, Љубчо Ѓорѓиевски, Ѓорѓи Оровчанец, Михајло Ѓорѓиевски, Љубе Бошковски, Никола Груевски и неизбежниот Петар Наумовски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Службите нека го утврдат бројот на присутните.

(Службите го утврдуваат бројот на присутните).

Службите нека ме известат колку се потпишани на списокот.

Господо пратеници, потпишани се 50 пратеници, значи дека ќе треба да причекаме и по веќе установената пракса објавувам пауза до 11,30 часот.

(Од страна на присутните пратеници бурни реакции за почетокот на одржувањето на седницата и недоаѓањето на пратениците од опозицијата).

Ова ме наведува да почнеме седници во 10,00 часот, па да се собереме до 10,30 часот. На барање на пратениците со седниците почнавме од 11,00 часот.

Ќе кажам јавно дека пратеничката група на СДСМ е комплетно тука, нормално со плус минус сигма осипања. Присутна е и Социјалистичката пратија.

Продолжуваме со работа во 11,30 часот.

(Пауза од 11,05 до 11,32 часот).

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги замолувам пратениците да влезат. Не чека работа, нормална работа, носење закони. Вчера имавме така специјален настан. Разбирам дека работевме до 24,00 часот, меѓутоа, како што вели јавноста платата треба да си ја заработиме и затоа ве молам да имаме кворум.

Службите нека го утврдат бројот.

(Службите го утврдуваат бројот).

Благодарам.

Во салата се присутни 62 пратеници, еве и претставникот на Владата доаѓа, последен.

Ова се повеќе и повеќе ме убедува дека сепак треба да донесеме закон за Парламент.

**Продолжуваме со точката 26-Предлог за донесување на закон за стечај.**

Претресот е заклучен.

На Собранието му предлагам да го усвои следниов Заклучок:

1.Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за стечај.

2.Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави предлог на закон за стечај, при што ќе ги има предвид забелешките, мислењата и предозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3.Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за економија.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 63 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Ви благодарам.

**Минуваме на точката 27-Предлог за донесување на закон за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 63 гласале за, 2 воздржани, нема против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 64 гласале за, 1 воздржано, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 18 став 2; член 21 став 3; член 45 став 5; член 59 став 1 во првата реченица; член 61 став 1 и став 2 алинеја 1; член 63 став 2, член 64 ставови 1,2 и 3; член 65 став 2 и на член 66 став 2; член 68 ставови 6 и 7; член 69 став 1 и на член 70 за менување на став 1 и за додавање нов став 2 по ставот 1, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се соствен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ве молам, кој бара збор?

Господине Катраџоски имате збор.

**Жарко Караџоски:** Господине претседателе. Јас бев пријавен уште на општиот претрес, претресот по Предлогот за донесување, но вие очигледно не видовте, ниту пак реагирав затоа што чувствувам дека сте изморени од синојка...

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски, јас и ден денеска не знам која е разликата помеѓу општиот претрес и претресот по текстот на Предлогот на законот, па повелете.

**Жарко Караџоски:** Добро, еднаш ви објаснував, нема отреба уште еднаш.

Меѓутоа, затоа што два пати да се објаснува, ако нешто не се сфаќа, не се сфаќа.

**Љупчо Јордановски:** Можеби сте во право, меѓутоа навистина после две години претседател сеуште не сфатив што е разликата помеѓу претрес по текстот на закон и општата расправа, бидејќи и во двата сегменти истото го зборуваме.

Повелете.

**Жарко Караџоски:** Добро. Сега отвораме некој дијалог, непотребно.Тоа ви е истото претседатле каква што е разликата помеѓу доверба и недоверба на Владата.

Разликата е оваа претседателе, денеска имаме една точка на дневен ред, носиме закон за едношалтерски систем. Владата се почувствува комотна после синојка, си обезбеди 100 дена, во тие 100 дена најверојатно, еве видовте претставникот на Владата влегува последен, комотно, ние си правиме тука кворум едвај, како и вчера, од друга страна тој комодитет немаше да биде ако имавме добласт да стегнеме сите "за" па да видите каков ќе беше поинаков односот. Од друга страна...

**Љупчо Јордановски:** Не сте во право господине Караџоски. Ако обезбедите 61 за доверба, може утре пак да имаме доверба.

**Жарко Караџоски:** Па ќе обезбедиме во 2006 година, сигурно.

Сакам да кажам дека на дневен ред имаме точка закон за едношалтерски систем. Многу битен закон. Нешто што е многу битно за граѓаните, нешто што години со ред го најавуваме како еден дел од клучните реформи во Република Македонија. И, да нема претставникот на Владата, да не почувствува да каже макар два збора, јас тоа не го упатувам до вас, го упатувам до претставникот на Владата. Значи, да не се кажат ни два збора што овој закон предвидува?! Оваа седница на Собранието не е само заради нас тука, пратениците и неслучајно се пренесува на собранискиот канал, но за да знаат и граѓаните што закони носиме.

Сега, јас искрено размислувам, треба ли јас да бидам промотор на Владата, па сега јас да го објаснувам тоа што овој закон нуди, затоа што ако почнам да кажувам, граѓаните ќе ја сфатат погрешно позицијата, ќе мислат дека сум јас министер, а претставникот на Владата опозиција.

Мечутоа, кога веќе зедов збор, еве, ќе го земам како известител на Комисијата за финансирање и буџет, затоа што ако го земам од свое лично име ќе кажам подруго.

Овој закон на Комисијата го разгледавме, едногласно го прифативме и морам да признам дека суштинската работа поради што овој закон се носи е тоа што се врши пренос на надлежноста за водење на трговски регистар од судските регистри, од регистарските судови на Централниот регистар на Република Македонија. Целосно трансформирање на постапката за регистрација на субјектите на упис од судска во административна постапка.

Што ова значи? Ова значи во превод упростување на целата таа постапка, значи избегнување на оние долги и натрупани предмети во судот каде што требаше да се врши таа регистрација и префрлање во комплетна административна постапка. Накусо кажано, тоа би значел едношалтерскиот систем, затоа што се друго беше повеќешалтерски систем.

Овој закон се чекаше подолго време и сега, кога е на дневен ред, претставникот на Владата навистина сакаше да објасни, затоа што многумина од граѓаните во Република Македонија се заинтересирани какви се новини овој закон ќе донесе во процесот на она што значи упис во регистар, постапка за упис во регистар и тн. и тн.

Овде, законот предвидува водење на регистри, како се водат. Има новина дека се води во електронска форма. И ред други работи што навистина се новини и што заслужуваше внимание да се објаснат подетално. Морам да признам дека и на Комисијата за финансирање и буџет, немаше некои поголеми забелешки во

однос на текстот. Немам ниту јас некои забелешки на текстот. Дадовме поддршка и сега ќе дадеме поддршка. Се надеваме дека законот е профункционира и дека навистина целата постапка ќе биде едношалтерски систем, односно упростување на сите тие постапки за да не губат време граѓаните при уписот односно регистрирање на претпријатието. Овој закон, исто така беше еден од оние кочничари, значи недонесувањето на овој закон беше една од кочниците на која што се повикувавме зошто огромен број на странски инвеститори не се присутни во Македонија, затоа што една од причините поради кои што таквите инвеститори ги избегнуваа вложувањата на средства во Македонија, покрај судските постапки, предолги, каде што се побарува побарување и тн., што траат долго и што кој знае како завршуваат, сега, со реформите на судството и тоа треба да се измени, една од главните причини беше и долгата регистрација односно шетањето од шалтер на шалтер каде што и да сака некој да вложи, кога ќе ги прошета сите оние шалтери од суд во администрација, навистина ќе се откаже.

Заради тоа, овој закон треба да придонесе во тој дел да ги стимулира не само странските, туку и домашните инвеститори во делот на она што значи избегнување на долгите и административни шетања, избегнување на постапка што би значела одолговлечување или губење живци кога треба некој да почне да работи со одредена дејност.

Од тие причини, тоа би била главната причина поради која што овој закон треба да се поддржи и уште една, што овој закон значи дополнување на правниот систем, ваков закон немало во нашиот правен систем, новина е и заради тоа заслужуваше внимание да се каже барем неколку зборови.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.Имаме тројца пријавени.

Повелете господине Јашари, имате збор.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине претседател.

Ќе се обидам накратко и јас да го оправдам и да кажам неколку зборови во однос на тоа зошто овој Предлог, предложен од страна на Владата на Република Македонија треба да се поддржи.

Сите знаеме дека уште од времето на донесувањето на Законот за трговски друштва, иако беше донесен тој закон, сепак по донесувањето, наспроти фактот дека во тој закон имаше инкорпорирано една законска одредба преку која што беше предвидено да прашањето на уписот, регистрирањето или функционирањето на едношалтерскиот систем да се регулира со посебен акт или со правилник во утврден законски рок. Тоа не се случи. не се случи од неколку причини.

Прво, беше тешко со правилник да се предвидат новите надлежности за неколку институции или определени државни органи.

Анализирајќи ги сите слабости што можат да произлезат, доколку ова прашње се регулираше со правилни, се процени дека е најдобро да прашањето на функционирањето и предвидувањето на едношалтерскиот систем да се уреди со посебен закон. И, по една обемна работа, денеска пред нас го имаме овој Предлог, со кој што, во суштина, според мене, се регулираат три основни прашања. Освен едношалтерскиот систем, се уредуваат и прашањата што се во однос на трговските регистри или регистрите во кои што ќе се врши евидентирање на деловните субјекти.

Како трето, водење на регистри каде што ќе се прави евидентирање на другите правни лица, што немаат деловен карактер.

Уште од времето кога беше донесен Законот за трговски друштва, во дискусијата што тогаш ја имав, предложив, пораади определени причини да, надлежна за уписот на економските субјекти или трговските друштва, да не бидат судските органи и целата оваа работа да не се прави преку определена судска постапка, туку да премине во надлежност на некоја друга институција или некој друг орган. Уште тогаш јас предложив да ова прашање дека би било најдобро да биде во надлежност на Централниот регистар, така како што се предлага и со овој закон. Причините за тоа, зошто тогаш предложив ова прашање да премине во надлежност на другите органи беа двострани:

Како прво, сите знаеме дека судските органи, во својата надлежност имаат многу прашања, па кога се има предвид овој факт е добро да некои надлежности се пренесат таму каде што има можност да се пренесат во надлежност на други органи.

Како второ, друга причина беше тоа што уште тогаш јас обарав иако и ова прашање треба да се децентрализира, не само поради процесот на децентрализација, туку и поради една друга, едноставна причина, за да има можност или да се има можност прашањето на упис на економските субјекти да се одвива во една поедноставна постапка и без непотребни трошоци.Се случи тоа што се случи. Денеска, Предлогот на закон за едношалтерски систем го имаме пред нас. Тоа е закон што за прв пат се нуди и ќе биде составен дел на нашиот правен систем и е за поздравување. Доколку ја анализираме деловната практика во однос на регистрирањето на економските субјекти, до сега, овој процес или нивното регистрирање уште од почетокот или иницирањето на основање на определени субјекти, до моментот на вршење на дејноста требало да помине еден определен временски период, затоа што не само што административната постапка била доста долга, туку требало основачот да талка од едн орган до

друг орган за вршење на една определена работа или дејствие.

Требало да направат регистрирање во еден орган, како што биле определените судови, потоа требало да одат да ја утврдат нивната основна дејност во Државниот статистички завод, потоа требало да отворат жиро сметка, да го утврдат даночниот број, своја жиро сметка итн.

Кога се анализираат сите овие дејствија факт е дека за реализација на сите овие работи било потребно да помине еден временски период.

Во согласност со ова што е предложено во текстот на овој Предлог закон сега и натаму по донесувањето на овој закон ќе се создаде правен простор сите овие работи да се направат во една институција, или во еден државен орган како што е централниот регистар. Кога се анализираат сите овие дејствија ќе дојдеме до констатација дека по влегувањето на овој закон во сила и регистрирањето кај еден единствен субјект наместо да поминат неколку месеци и има простор од моментот на иницирање на основање на еден субјект до почетокот на вршење на дејноста да поминат еден или два дена.

Кога се има предвид овој факт и од друга страна доколку се анализираат внимателно податоците зошто странските инвеститори меѓутоа и домашните инвеститори не инвестираат во Македонија, а според мене во оваа прилика сакам да кажам дека една од главните слабости за неинвестирање на странските инвеститори била и долгата постапка за регистрација на економските субјекти тогаш можеме да дојдеме до констатација дека сепак со овој закон се создава, или пак ќе може да се стимулираат странските инвеститори во иднина по донесувањето и влегувањето на овој закон во сила да инвестираат во Република Македонија.

Во согласност со ова што го кажав јас и парламентарната група на која што јас и припаѓам го поздравуваме уште еднаш предлагачот за предлагањето на овој закон и ќе гласаме за овој закон. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Јашари.

Има збор пратеникот Јанаќе Витановски.

**Јанаќе Витановски:** Благодарам претседателе.

И јас како колегата Жарко Караџоски сметам дека претставникот на Владата ќе даде едно образложение бидејќи ова е нов закон, закон кој што го чекавме долго време и од кој закон ќе зависи бизнис атмосферата во Република Македонија.

Но, без разлика на тоа законот кој што сега е на дневен ред, законот за едношалтерски систем и водење на трговскиот регистер и регистер на другите правни лица како нов закон во Република Македонија ќе придонесе за отворање на вратите на странските инвеститори. Ова е една голема работа за Република Македонија и мислам дека во овој закон ќе нема ниедна дилема ни од опозицијата, бидејќи овој закон го баравме сите ние затоа што на овој начин ќе овозможиме бизнис клима во Република Македонија односно ќе ги отвориме вратите за сите толку потребни странски инвестиции и инвеститори.

Сметам дека на овој начин како што е предложен законот, иако оди во една фаза мислам дека ќе се овозможи создавање на единствена база на податоци за сите деловни и други субјекти и воспоставување на единствен идентификационен број на субјектите на упис со кој истите ќе се идентификуваат во правниот промет.

Овој закон што овозможува?

Во неговите одредби и членови коои што ги регулираат областите ќе се утврдува правна рамка мсо која ќе се изврши пренос на надлежностите за водење на трговскиот регистер и судскиот регистер од овластените судови во единствен регистер, а тоа ќе биде кај централниот регистер на Република Македонија Мислам дека на овој начин со едношалтерскиот систем ќе овозможиме и субјектите во Република Македонија, како и инвеститорите, и странските инвеститори сега веќе нема да имаат дилема за инвестирање во Република Македонија од една рдинствена причина дека функцијата на едношалтерскиот систем ќе овозможи за многу кратко време да се регистрираат тие фирми на едно единствено место, во централниор регистер на Република Македонија да се бараат сите податоци.

Во однос на текстот на законот мислам дека нема што да зборуваме многу, затоа што законот е доста прецизен и јасен и ќе придонесе за воведување на една добра клима во Република Македонија .

Бидејки ова е по текстот на законот немам забелешки и во целост го подржувам и мислам дека со овој закон ќе придонесеме за подобра иднина на Република Македонија и за привлекување на странски инвеститори. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Голомеов имате збор, повелете.

**Благој Голомеов:** Благодарам господине претседателе.

Господине заменик министер, почитувани колеги,

Јас ќе се обидам да бидам сосема краток, меѓутоа навистина пред на се наоѓа еден исклучително значаен законски проект кој не е ред да помине така незабележителен и треба и мграѓаните на Република Македонија треба да добијат информација дека се работи за навистина исклучително значаен закон во многу ќе ја промени бизнис климата и начинот на работење, начинот на функционирање на стопанските субјекти.

За овој закон морам да кажам дека како ЛДП десетина години наназад укажуваме како на еден

од основните, егзестицијалните потреби на македонската економија.

Едношалтерскиот систем за водење на трговскиот регистер и на други правни лица ќе овозможи едноставни да се избегнат бирократските лавиринти со кои се судруваат сите потенцијални чинители било да доаќаа од Република Македонија или од странство, посебно од странство. На тој начин ќе се овозможи на многу поедноставен, поелегантен начин да се отпочнува бизнис. Освен тоа она што сакам посебно да го потенцирам е фактот дрка на тој начин ќе создадеме и една интрегална информатичка инфраструктура, база на податоци во електронска форма која ќе може да биде споделувана со повеќе институции. Со тоа ќе аправиме еден голем исчекор во инсталирањето на она и дискутиравме пред некој ден на информатичко општество во Република Македонија.

Она што сакам посебно да го нагласам е потребата Владата на Република Македонија да направи се овој законски проект кој се предвидува да отпочне да се реализира од 01.01.2006 година навистина навреме да бидат извршени сите потредбни подготвителни работи како не би се оставило простор за никакви обложувања, бидејќи ова е еден од најбитните законски проекти кој треба да ја подобри бизнис климата во Република Македонија и треба да овозможи простор за многу поефикасно инфестирање во Република Македонија. Како држава се наоѓаме во ситуација едноставно да молиме или да вапиме за странски инвестиции.

Имајќи го во предвид фактот дека има доволен период до крајот на оваа година трансфорот на податоци од судовите Штип, Битола и Скопје во Централниот регистар да биде ефикасно извршен и да можеме од 01.01.2006 година да отпочнеме со реализација на овој исклучително значаен проект.

Имајќи го сето ова предвид пратеничката група на ЛДП во целост ќе го прифати овој законски проект и позитивно ќе се произнесе по истиот.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Голомеов.

Повелете господине Шајноски, имате збор.

**Драго Шајноски:** Благодарам господине претседателе.

Во стилот на претходните дискутанти и јас сакам да кажам неколку збора во правец на поддржување на овој закон.

Сметам дека овој закон има услови вистински да го спроведеме во реалноста бидејќи е редок закон кој го донесуваме затоа што за него чувствуваме потреба. Сами ја гледаме неговата нужност во олеснувањето на работата на сите субјекти во државата. Но како што бива секаде, па и кај нас и вака добри закони во праксата тешко се пробиваат заради конзервативноста, заради спороста на промена на навиките на луѓето и нивната желба да си задржат некои позиции без да вложат труд нешто ново да научат, мислам на службените лице кои што ќе ги опслужуваат субјектите во државата.

Пред неколку дена во овој Парламент се одржа еден семинар на кој што присуствуваа пратениците, а учествував и јас и внимателно го следев бидејќи сакав да видам на кој начин словенците успеале она што ќе го зацртаат, да го спроведат. Скоро во сите предавања на експертите беше нагласено дека при секое извршување на законите се формираат групи, а на групите се определуваат внимателно одбрани лидери, раководители. Значи не е доволно да напишеме добар закон, туку треба внимателно да ги одбереме раководителите во локалните управи и во државната администрација и нивна задача ќе биде навреме да ги опоменуваат извршителите за неквалитетно извршување на нивните задачи. Навреме да ги опоменат значи или да ги исправат неколку пати, или ако видат дека тој човек не го бива на тоа место веднаш да го променат и стават човек кој што навремено и квалитетно ќе ги извршува задачите.

Значи, не е доволно само да донесеме добри закони. Ние мора да сватиме дека мора да најдеме обучени, квалитетни и проверени луѓе на местата кои што се клучни точки за врската помеѓу субјектите кои што бараат услуга и администрацијата која треба да ја заврши таа работа.

Скоро сите експерти на тој семинар од Словенија го кажа истото ова и сметам дека и кај нас во таа смисла треба да се направаат напори да се одфрлат тие партиски, пријателски навики, да се ставаат луѓе на одредени клучни точки во администрацијата за да можеме успешно да ги спроведуваме законите.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам. Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ги повиккувам пратениците да влезат во салата, но претходно морам да кажам дека имаме еден мал проблем. Всушност не е проблем, но овој пат ќе треба машкиот дел од Собранието да го обезбеди кворумот затоа што, затоа ги повикувам пратениците, со секоја чест на три убави дами кои овде ни се присутно, но ме известија дека од 11,50 до 12,50 часот има некоја средба на жени парламентарки, па затоа ги молам тие што се над 30% да влезат во Парламентот за да го изгласаме овој закон.

Молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Во салата се присутни 60 пратеници, ни треба уште еден.

(Во салата влегуваат пратеници)

Сега сме 62 пратеника.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Гласале 60 пратеника, 60 за, нема воздржани, нема против.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Собранието го донесе законот.

**Минуваме на точката 28 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за задругите, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по предлогот за донесување на законот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за задругите.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеника, 53 за, нема воздржани, нема против.

Во салата се присутни 54 пратеника.

Констатирам дека Собранието го усвои Предлогот на заклучокот.

Молам, дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, 54 за, 1 воздржано, нема против.

Бидејќи до 61 има повеќе од 5, молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Ве молам уште еден пратеник.

(Во салата влегуваат пратеници).

Значи, го поништувам претходното гласање и ве повикувам повторно да гласаме.

Гласале 50 пратеници, 49 пратеници гласале за, 1 пратеник гласал воздржано, против нема, а во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 2 став 1 во воведната реченица за менување на ставовите 3 и 4, за менување на член 3, член 4 и на член 5 со кој се согласил претставникот на Владата.и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави господинот Глигоријевски Тома.

**Тома Глигоријевски:** Благодарам господине претседателе.

Мојата забелешка е кратка. Во член 11 од овој закон стои "одредницата од членот 86 се менува и гласи ...", значи, очигледно поимот "одредницата" не бил прифатлив за Законодавно-правната комисија и таа во својот трет амандман предложила зборот "одредница" да се замени со зборот "наслов" и тоа е прифатено од претставникот на Владата. Меѓутоа, не ми е јасно зошто истиот поим останува во член 25, каде што вели одредницата од член 611 и целиот член 611 се бришат. Сега, овој закон што го донесуваме фактички останува во членот 11 поимот наслов и во членот 611 поимот "одредница". Тоа е можеби формална забелешка.

Втората забелешка ми е малку посуштинска. Можеби сега веќе немаме време да го кочиме законот за едношалтерски систем кој толку многу го очекуваме да профункционира, меѓутоа факт е дека со донесувањето на овој закон, со донесување на законот за едношалтерски систем менуваме во законот за трговски друштва 50-тина членови. Затоа, сугерирам на Владата на првата наредна прилика кога ќе има било каква потреба уште нешто да се корегира во Законот за трговски друштва, кој е многу суштински и важен закон како основа за работење што кој ги дефинира поимот, структурата, сопственоста, акциите и се она што се случува во трговските друштва и сигурно ќе е на удар на потенцијалните инвеститори, да направи пречистен текст на целиот закон. Бидејќи, друго е со една измена, со друга измена целиот овој закон за дополнување менуваме 50 или 60 членови, поими, ставови итн. Мислам дека пречистениот текст многу ќе придонесе за една појасна слика во Законот за трговските друштва.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи, нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ги молам пратеници кои излегоа повторно да влезат во салата.

Сега во салата сме 61 пратеник.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, 56 пратеници гласале за, нема воздржани и нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на законот за задругите.

**Минуваме на точка 29 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи, нема никој пријавено за збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трговски друштва.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, 55 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Информиран сум од секретарот дека тројца пратеници излегоа од салата, а сега да го провериме бројот на присутните пратеници во салата.

Го поништувам гласањето, затоа што 58 пратеници се присутни.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Сега сме присутни 61 пратеник.

Ве молам, бидејќи сме тука побрзо да сработиме што треба да сработиме, порано ќе си одиме дома.

Сега сме 61 пратеник во салата.

Значи, заклучокот го прочитав.

Собранието го усвојува предлогот за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за трговски друштва.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеници, 53 пратеници гласале за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Сега имаме 61 пратеник во салата.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 51 пратеник, 50 пратеници гласале за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Во салата сега сме 62 пратеници.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 3, член 6, член 11 и на член 25, член 22 ставови 1 и 3 и за додавање нов член 22-а по членот 22 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на тесктот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, 56 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против, а во салата се присутни 62 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва.

**Минуваме на точка 30 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за стопанските комори, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесвуање на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи, нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за стопанските комори.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, 54 гласале за, 1 воздржан, нема против, а во салата се присутни 62 пратеници.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Гласале 54 пратеници, 53 пратеници гласале за, нема воздржани, 1 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 4 и на член 5 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, 55 пратеници гласале за, нема воздржан, нема против, а во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за стопанските комори.

**Љупчо Јордановски: Минуваме на точка 32. - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Овој закон го чекаме 15 години и најпосле дојде.

Молам, кој бара збор?

Има збор заменик министерот за правда господинот Субхи Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Со воведувањето на пазарното стопанство, со цел создавање на претпоставки за сигурен, ефикасен и ефективен пазар на недвижности, неопходно е воспоставување на катастар на недвижности на целата територија на Република Македонија.

Постојниот закон за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите донесен во 1986 година и изменет 1991 година, во начелото ја обезбедува функцијата на катастарот на недвижностите според обемот на податоците на недвижностите кои се прибираат, начинот на кој се прибираат, постапките за востановување и одржување на каткастарот на недвижностите, се покажа несоодветен односно скап и бара многу време, поради што катастарот на недвижностите е востановен само на 45% од територијата на Република Македонија.

Владата на Република Македонија, согледувајќи ја состојбата со востановувањето на катастарот на недвижностите, предлага измени и дополнувања на постојниот закон со цел за одреден период од 4 години да се востанови катастар на недвижности над цела територија на Република Македонија. Во таа смисла со Светска банка е склучен договор за заем со кој ќе се финансира воспоставувањето на катастар на недвижностите за наведениот период.

Со проектот "Катастар на недвижности и регистрација" непосредно со востановувањето на катастар на недвижности, ќе се работи за изготвување на нови закони со кои ќе се уреди трансфорамција на Државниот завод за геодетски работи, преку негово прераснување во извршна Агенција со висок степен на самостојност и самофинансирање и ќе се формира државен орган за прибирање и обработка на податоци кои нема да бидат составен дел на катастарот на недвижности, а се дел од значење за државата.

Со предложените измени и дополнувања се предлага:

1. Намалување на податоците за недвижностите кои се прибираат со премерот, а кој не се од значење за востановување на катастарот на недвижностите "вертикална, претстава, бонитирање, определени податоци за зградите".

2. Скратување на постапката на запишување на правата на недвижности.

3. Воведување на нови постапки за востановување на катастар на недвижности (поединечно запишување на правата на недвижности, конверзија на податоци од катастар на земјиштето во катастар на недвижности".

4. Приватизација на оперативните теренски геодетски работи, како и на геодетските работи за посебни намени кои се во врска со премерот и катастарот на недвижностите, преку нивно извршување од страна на трговци поединци, овластени геодетски и трговски друштва за геодетски работи.

Понатаму, предложените измени не се од суштинска природа односно со нив не се менуваат основните начела на постојниот закон. Со тоа предложените измени и дополнувања на законот се еден од клучните услови за имплементација на проектот "Катастар на недвижности и регистрација", со кој Проект се определени прецизни рокови.

Владата смета дека со предложените измени и дополнувања на Законот за премер и катастар и запишување на правата на недвижностите, ќе се создадат правни претпоставки за што побрзо воспоставување на катастар на недвижности на целата територија на Република Македонија како сигурен и ефикасен сервис на граѓаните.

Благодарама за вниманието.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине заменик министре.

Не ми е јасно, кога нема излагање подносителот на законот тогаш се лутиме, а сега кога има излагање никој не слуша, пратениците излегоа од салата.

Повелете госпоѓа Јаневска имате збор.

**Цветле Јаневска:** Благодарам претседателе,

Сакам да дадам свое видување на овој предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за премер, катастар и зазпишување на правата на недвижностите и ќе се обидам на кратко, истакнувајќи неколку важни, есенцијални компоненти на овој закон.

Со овој предлог, идејата на изготвувачот е пред се постојниот закон да се подобри и да се добие во ефикасност при извршувањето на работите кои ги предвидува.

Сметам дека Законот нуди логични решенија, а за што сме сите и заинтересирани. Исто така законот нуди и практични решенија што чинам произлегуваат од востановените аномалии што се произлезени од постојниот закон за премер и катастар и како што рече воведничарот, овој закон донесен во 1986 година, применет на 45% од

територијата на Републиката, покажа дека истиот е недоволно применлив и што е најбитно негова анахроност со општите текови на пазарното стопанисување. Според тоа треба да се респектира основната цел на законот, да се востанови катастар на целата територија на Републиката.

Сакам да го истакнам фактот дека овој Предлог закон оди и понатаму во амбицијата, овој катастар да се востанови за еден стриктен период од 4 години што е кажано со член 1, уште на почетокот.

Предлогот да се изврши за период од 4 години навистина е амбициозен, а ако на ова ја додадам и констатацијата дека предложените измени и дополнувања се прифатени во целост, во текот на подготовките на Проектот "Катастар за недвижности и регистрација" кој е кредитиран од Светската банка, а со определба да се донесе нов закон во текот на траење на Проектот за 4 години, навистина се потврдува таа амбициозност на законот.

Значи, предлогот содржи прецизно дефинирани, но, и флексибилни концепти и решенија за еден период од две години и од тука измените кои се предлагаат одат во правец на подобрување на техничката компонента, а исто така и на правната.

Во овој контекст се менува веќе и опаската "може" и преминува во облигаторна "треба" и при тоа секоја предвидена узанса од законот се предвидува да заврши со правно статусен документ односно секоја закона постапка уредена во Законот да заврши со квантифицирање и добивање на е ден документ како што е на пример имотниот лист. Значи, анализирајќи ја намерата на предлагачот, а уште повеќе на подготвувачот и давајќи позитивна оценка за пристапот на изготвување на овој предлог, сакам да ги искоментирам и другите причини и цели што се постигнуваат со законот. При тоа, се разбира, нема да ги избегнам и негативните забелешки.

Првата компонента.

Со законот сметам дека е направен еден голем исчекор напред во прецизирањето на геодетските работи кои и во чија надлежност се тие. Имено, работите од премерот, катастарот, запишувањето на правата на недвижностите и зачувувањето на тие податоци треба да ги врши Државниот завод за геодетски работи, додека пак оперативните теренски работи, како јавни овластувања, треба да ги вршат повластени геодети поединци и трговски друштва со вработени инжењери, со овластување за вршење на вакви работи.

Втората компонента.

Се побудува интересот на граѓаните и се мотивираат да соработуваат со Државнонт завод за геодетски работи при востанувањето на катастарот. Се поставува прашањето како. Имено, во запишувањето на правата на недвижностите во катастарот на недвижности по барање на странката се плаќа надоместок, а при запишувањето по сллужбена должност, тоа е ослободено од плаќање. Од друга страна пак овој надоместок со другите надоместоци веќе создава еден извор за финансирање односно самофинансирање на државниот орган кој ќе ја има надлежноста на одржување на катастарот на недвижности.

Трета практична компонента.

При собирање на податоците со снимање на недвижностите, исто така и со мерење и увид на терен, на зградите, при што се добива во вертикална смисла податоци, се собираат и податоци за можните носители на правата на недвижностите. Тоа од своја страна пак дава можност уште во постапката на излагање на јавен увид на податоците за недвижност, да може да се поднесе приговор и по основ на сопственоста, а со тоа сметам дека се постигнува прагматичност во запишувањето на носителите на правата на недвижностите. Во овој контекст сакам да го истакнам и решението во законот што при поединечното запишување на правата на недвижностите во непремерените катастарски општини, уредно и писмено се известуваат и носителите на соседните катастарски парцели. Оваа прагматичност се одразува и во други одредби од другите закони, како на пример Законот за градба каде на време се дефинира сопственоста и се олеснува постапката за добивање на одобрението за градба. Впрочем и целите на овој Предлог закон е усогласување и со другите закони кои имаат допирни точки во оваа област.

Четврта компонента.

Како можност за заштита со Законот е предвидено, при засновување на залог односно хипотеки, долгорочен закуп и давање на концесии на недвижности во катастарските општини каде сеуште не е востановен катастар на недвижности, задолжително е претходно задолжително запишување на правата на недвижности. Тоа исто така има позитивна импликација во распишувањето и спроведувањето на постапките за тендер и во законите за стечај.

Предложениот закон сметам дека има и компонента на модернизација во техничкиот систем односно модернизација во дистрибуција на податоците до граѓаните, што значи податоците можат да се прибираат, да се систематизираат, селектираат и да се обработуваат во електронска форма и на тој начин да бидат достапни во секој момент до корисниците односно граѓаните.

Исто така, сакам да го истакнам и решението од Законот за вршење на геодетските работи за посебни намени. Тоа се работи, за потребите на просторно уредување на земјиштето, парцелизација на градежното земјиште за изготвување и спроведување на урбанистичките планови во постапката за експропријација и сите други геодетски работи кои се поврзани со

оддржувањето на премерот и катастарот на недвижности. И тука поентирам, сите геодетски елаборати што се изготвуваат при вршењето на овие работи, може да се користат само откако претходно ќе се заверат во Државниот завод за геодетски работи. Тоа практично е уште еден начин на заштита на сопственоста.

Посебно сакам да го поздравам воведувањето на нова глава во Предлог законот, а тоа е Главата - Вршење оперативни теренски геодетски работи за посебни намени. Според ова поглавје оперативните теренски работи и геодетските работи за посебни намени ги вршат трговци, поединци, овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи, регистрирани за вршење претежна дејност од геодетските работи. Со тоа ќе се отворат работни места и ќе се востанови конкуренцијата што мислам и убедена сум дека носи квалитет.

Ќе се повикам и на констатацијата во ова поглавје дека вршењето на геодетските работи има и јавно правен карактер и затоа со многу одредби во законот е регулирана постапката, условите, начинот за добивање овластување и лиценца за изведување на геодетските работи. Веднаш да кажам дека во голем дел овие одредби ги поддржувам, но имам и забелешки. Пред се сметам дека одразите од ова поглавје треба во голем дел да се усогласат со Законот за градба и тоа и во терминологијата за овластувањата и лиценците, но и во начинот на стекнување на овластувањата и лиценците. Сметам дека овде веднаш треба да си го најде местото Комората за овластени архитекти и инжењери.

Посебно сакам да ја потенцирам и компонентата на овој Предлог закон за заштита на податоците. Имено, Државниот завод за геодетски работи должен е да ги заштити подастоците од премерот и катастарот на недвижности. Но, сметам дека многу декларативно тоа е кажано само во еден член од Законот, не е расчленето и не е облигаторски дадено. Предвидено е да се прави, преку преземање, спроведување на правни, организациони и технолошки постапки за заштита на податоците, исто така да се спречат и нелегални прибирања, обработка, посебно изнесување на податоци надвор од Државниот завод за геодетски работи, но тоа треба до крај, со подзаконски акти да се расчлени и по детално да се регулираат овие одредби.

Останатите мои забелешки за неслагање со предложените решенија во законот, а со цел подобрување на нивниот квалитет, се вградени во амандманите што ќе ги поднесе Комисијата за транспорт и врски чиј член сум и јас.

Да заклучам. Со донесувањето на овој закон започнува еден процес со кој се придвижуваат и ангажираат многу субјекти, многу органи во државната управа, кадровски потенцијали, компјутерски и софтверски поддршки. Тука сакам да истакнам дека мора да се воспостави спрега меѓу сите тие фактори, чинители и извршители во државата односно според своите надлежности.

Во овој процес мислам дека не помалку важна е и улогата на информативниот систем и медиумското вклучување во анимирање на граѓаните за да си ја регулираат сопственоста.

За крај, јас ќе го поддржам донесувањето на овој Предлог закон.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Јаневска.

Збор има пратеникот Лилјана Ивановска.

Повелете госпоѓа Ивановска имате збор.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе, почитувани претставници на Влада, почитувани колеги пратеници,

Почитуван претседателе, како што рековте 15 години го чекавме овој многу важен закон, иако не е ново законско решение или системско решавање на овие проблеми за кое зборуваше мојата колешка Цветла Јаневска. Тоа се само измени и дополнувања на постојниот закон од 1986 година и измените од 1991 година. Со исклучително големо значење се овие измени.

**Љупчо Јордановски:** Уште полошо. 15 години чекавме измени и дополнувања.

**Лилјана Ивановска:** Да, ќе аргументирам зошто, иако се измени, се многу важни измени кои решаваат многу проблеми во функционирањето на катастарот во Република Македонија иако се иницирани од реализација на Проектот на Светска Банка и воспоставување катастар на целата територија на Република Македонија, Овие измени овозможуваат олеснување на постапките, забрзување на постапките што пред се ги тангира на Република Македонија и секогаш, потенцирам, и домашните инвеститори и странските инвеститори, иако ние како политичари милуваме да кажеме странските инвеститори, меѓутоа, не треба да ги запоставиме домашните инвеститори кои исто така сакаат брзи и јасни процедури при воспоставувањето на правото на земјиште или отпочнување на некаква инвестиција.

Овој закон, кажав, е исклучително е важен од повеќе аспекти затоа што заштитата на сопственоста е уставна категорија која е доста важна при инвестиции и воспоставување на правата и овој закон е тесно поврзан со Законот за сопственост и други стварни права. Така што решенијата во Законот за сопственост и други стварни права во неколку членови од Законот за испреплетуваат и едно од друга зависи од решенијата во предложените законски решенија.

Јас сакам да истакнам дека овој закон побуди голем интерес во работата на Комисијата за транспор и врски и на Комисијата, како ошто има пракса Комисијата тоа да го прави, ги повикува институциите да ги кажат своите експертски мислења и на тој план постигнавме доста добри резултати во работата на Комисијата.

На Комисијата Државниот завод за геодетски работи и Градежниот факултет во една многу конструктивна расправа и атмосфера постигнавме усогласување на измените и дополнувањата на Законот, така што изготвените амандмани од Комисијата за транспорт и врски значително го подобруваат текстот на измените и дополнувањата на овој закон.

Мојата расправа ќе ја сведам во два дела, во амандманскиот дел и во делот на текстот на законот во зависност кои амандмани потоа ќе бидат прифатени, бидејќи во првиот дел дискутираме за потребата за донесување која што не е спорна, дури и задоцнета. Сакам да истакнам по поднесувањето на амандманите на Владата беа избришани член 55 и член 58. Како што кажав Законот за премер и катастар тесно е поврзан со Законот за сопственост и други стварни права. Член 55 и член 58-а со амандманите од Владата се вратени во текстот на законот, додека со Предлог законот беа во постојниот закон. Овде се работеше за остварувањето на правото по судски пат кој што во првобитниот предлог беше избришан за остварувањето на право по судски пат беше по Законот за сопственост и други права, меѓутоа повторно се врати овој член. И ве уверувам дека намерата била да се скратат постапките, затоа што знаеме колку долго траат судските постапки во Република Македонија пред претстојните промени во судството.

Членот 58-а, надвор од населени места каде што реално Републичкиот геодетски завод има реални проблеми за запишување на катастарот. Веројатно имале намера да ја олеснат постапката, меѓутоа законодавецот оваа одредба повторно ја врати. Сметам дека при носењето на новите законски кои што очекувам брзо дека ќе следуваат, овие дилеми кај законодавецот ќе бидат разрешени во делот на судската заштита на сопственоста. И во наредниот период кога ќе го добиеме новиот закон за геодетски работи, верувам дека ќе го добиеме за брзо време, нема да го чекаме уште 15 години и дека Законот за регистрација на земјиште и недвижности исто така е еден закон кој што треба да ја регулира оваа област и можеби некои други закони поврзани со оваа проблематика. Ќе завршам, во првиот дел од мојата дискусија за потребата од донесување на законот и придобивките кои што ќе се добијат од законот, а тоа ќе биде забрзување на постапките и воведување на приватната пракса за оперативни геодетски работи за кое што зборуваше колешката Цветле Јанеска кој што е еден голем чекор напред во вршењето на геодетските работи и воведувањето на приватна пракса.

Во предложениот текст на законот кој што го добивме беше предложено овластувањата да ги издава Државниот завод за геодетски работи, додека ние во Комисијата за транспорт и врски сметавме дека треба да биде усогласен законот со Законот за градење каде што сите овластувања во вршењето во делот на градбата да бидат во Комората на овластени архитекти и овластени инжењери. И затоа ние како Комисија за транспорт и врски сметавме дека овластувањата понатаму треба да поминат во Комората и на самата седница предлагачите со таквото решение се согласија дека по оформувањето на Комората на овластени архитекти и овластени инжењери овластувањата за вршење на геодетски оперативни работи ќе преминат во Комората. Во преодниот период ние предлагаме како Комисија за транспорт и врски овластувањата и подзаконските акти да ги донесе Републичкиот завод за геодетски работи.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Љупчо Балковски.

**Љупчо Балковски:** Благодарам претседателе, почитувани пратеници и претставници на Министерството за правда и претставници од Државниот завод за геодетски работи. Веднаш на почетокот да кажам дека и овој закон ќе го подржиме како закон за изменвуање и дополнување на Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите со овој Предлог закон, затоа што сепак овој закон оди во насока на поквалитетно живеење на граѓаните на Република Македонија и сепак ако примената на овој закон навистина биде во таа насока веднаш ќе се почувствуваат сите погодности од донесување на овој Предлог закон. Меѓутоа, сакам да кажам неколку зборови како овој закон можеше да биде уште поквалитетен, пред се од причина што овој закон навистина требаше да биде донесен во две фази. Незнам зошто Министерството за правда го носи по ваква скратена постапка. А од друга страна уште во работата на самата Комисија се кажа дека овој закон ќе биде на некој начин, овие измени ќе бидат преодни до две години, а потоа ќе треба да се направи нов закон. Ако е веќе така и ако навистина се чекало толку време за донесување на овој закон, мислам дека многу подобро ќе беше овој закон да биде како нов закон, да не се оди со измени и дополнувања и да оди во две фази. Навистина така ќе добиевме многу поквалитетен закон кој што ќе биде во диреќна употреба. Вака овие две години со ваков преоден закон ќе се види каде овој закон воопшто ќе профункционира, или нема да профункционира, ќе се најдат добрите и лошите страни од целата оваа работа на Министерството за правда и Државниот завод за геодетски работи. Меѓутоа веднаш тука треба да се спомене дека како претставник на Владата во овој закон требаше да биде и Министерството за транспорт и врски и воопшто ќе немаше некои компликации во однос на другите закони, во однос на Законот за градба и Законот за просторно и урбанистичко планирање. Вака се докажа дека самата работа на Комисијата едноставно направи овој закон да биде применлив. Инаку, законот што го добивме пред Комисијата за транспорт, врски и екологија ако одеше директно на собраниска расправа, мислам дека воопшто немаше да биде

употреблив. Тука пред се мислам на неконтактирање и непозитивно мислење на овој закон што го имаа сите професионалци кои што навистина требаше да бидат вклучени многу порано во донесување на овој закон. А вака се сведе Комисијата во неколкудневна работа направи неколку измени и дури изврши на некој начин и притисок до Министерството за правда и до доносителите на овој закон и навистина сега имаме некој закон кој што ќе биде применлив. Меѓутоа, тоа воопшто не требаше на таков начин да се работи, ако уште во почетокот на работата беа вклучени и Факултетот и сите други професионални стручни лица и институции кои што сите ќе придонесоа за овој закон. Јас знам дека сега може да се каже дека тука дали биле вклучени, дали биле известени, меѓутоа сепак, ако се работи за примена на овој закон, како што реков на почетокот за поквалитетно живеење на граѓаните, мислам дека требаше сите да бидат вклучени во донесување на овој закон. Меѓутоа, сепак, со подршка на овој закон сакаме да придонесеме навистина и во оваа дејност, во дејноста на Катастарот да се направат некои поквалитетни измени кои што ќе бидат во интерес на граѓаните.

Со поднесување на околу 40-тина амандмани навистина се поправи овој закон, меѓутоа сепак, ќе треба да се направи еден пречистен текст од кој што ќе се согледаат сите овие измени дека еден успешен закон со 40 амандмани, со неколкудневна работа на Комисија навистина ќе се нарпави добро. Меѓутоа, мислам дека ова се ќе биде во употреба после две години, затоа што не може да се каже дека еден реформски закон е добар ако одиме со една измена, односно со едни измени и дополнувања на овој закон за кој што уште на почетокот ќе кажеме дека овој закон е преоден. Меѓутоа, така одлучиле претставниците, односно доносителите на овој закон пред Собранието, Владата на Република Македонија, Министерството за правда. Меѓутоа сепак сметам дека поквалитетен ќе беше ако беше вклучено и Министерството за транспорт и врски. Вака останува овие две години Државниот завод за геодетски работи да го следи овој закон, примената на овој закон во однос на сите овие членови што сега се во измена и дополнување на основниот Закон, па на крај да видиме после две години да почне да се прави новиот закон кој што тогаш веќе ќе можеме да кажеме дека имаме еден реформски закон со сите членови кои што можат да допринесат да имаме можности и услови за спроведување на овој закон. Во секој случај и на ваков начин морам да кажам успешната работа на Комисијата и учеството на професорите од Градежниот факултет, сепак од еден Предлог што го добивме и што не беа задоволни, сите се доведовме во ситуација да направиме закон кој што ќе биде барем во овие две години применлив во интерес на граѓаните.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Томе Тромбев.

**Томе Тромбев:** Почитуван претседателе, почитуван заменик минситер, почитувани колеги пратеници, дозволете ми најнапред да го искажам моето мислење како претседател на Комисијата за транспорт, врски и екологија и да искажам благодарност за извонредните напори на членовите на Комисијата кои што имаа трпение и време да корегираат дел од овој закон. И како најголема придобивка од ова би сакал да го истакнам усогласувањето на ставовите на Градежниот факултет, отсекот за геодетски работи со Државниот завод за геодетски работи кои што навистина така да кажам под наше медијаторство најдоа заеднички јазик и се усогласија околу одредени делови на законот, па така Комисијата има сега веќе 31 амандман. И тука би сакал да ја искажам и благодарноста до Државниот завод за геодетски работи и до Министерството за нивната широчина при прифаќањето на овие амандмани. Зборуваме за еден закон кој што е многу значаен за Република Македонија. Јас и во мои претходни дискусии имам кажувано дека најголемиот дел на националното богатство на секоја држава се недвижностите. Понеразвиените држави имаат поголем процент околу 75% недвижности во нивното национално богатство, додека кај поразвиените тој процент е многу помал, бидејки во дел од националното богатство влегуваат движните предмети. Меѓутоа за нас е уште повеќе значајно како држава во развој, како држава во транзиција уште повеќе е значајно ова прашање со оглед на тоа што и во претходниот период Законот за премер, катастар и запишување на права на недвижности е донесен 1986 година, а потоа изменет во 1991 година, за жал не ги даде очекуваните резултати, затоа што ние денес имаме само запишани права на недвижности само на 45% на територијата на Република Македонија, што сигурно ќе кажете е фрапантна бројка. Ние имаме задача сега во наредниот период во 2010 година таа бројка да ја подигнеме од 45% на 100% и фактички да биде покриена целата територија на Република Македонија и запишани сите недвижни предмети и права кои што се на истите. Затоа што законитоста и ажурноста во оваа област е фактичка реализација на суверенитетот на државата, контрола на сопствената територија и гаранција за владеењето на правото во областа на сопственоста и на земјиштето и на недвижностите. Уште веднаш да кажам дека донесувањето на овој закон не претставува само потреба, тоа е обврска исто така на државата за регулирање на оваа многу значајна материја како за самата себе, за самата држава, така и за сопствените граѓани. Недвижностите се исто така битни за слободното движење на капиталот кој што капитал во развиените земји од бизнисот со недвижности прави една многу значајна гранка. Само како една копарација можам да кажам дека во 2004 година цените на недвижностите во земјите од Европската монетарна унија се

поголеми во просек од 8,7% и тоа во Шпанија 17%, Франција 15%, Италија 12,8%, Ирска 12%. И ваквиот раст на цените на недвижностите беше постигнат од зголемената домашна побарувачка која нормално е резултат на стабилно стопанство и ниски каматни стапки на станбените кредити и се разбира во однос на другите неспомнати држави од Европската унија значително поповолни даночни услови. Тоа е пазарот на недвижности кој што зазема многу значаен дел од пазарите и бизнисите во развиените држави. Меѓутоа, за нас е исто така битен и во самиот процес, да речам на децентрализација бидејки ако се сеќаваме данокот на недвижности кој што е 3% е изворен приход на локалната самоуправа. Претходно кажаното дека само 45% од територијата на Република Македонија е покриена со катастар на недвижности, значи дека некои локални самоуправи немаат можност да го собираат овој данок, затоа што нема востановен катастар, не знаат кои се тие недвижности со кои што располага општината. Тоа е една од големите причини исто така да се востанови катастарот на недвижности. Меѓутоа ако земеме од друга страна, на територијата на цела Република Македонија Законот за извршна постапка во некои делови не може ни да се спроведува, затоа што не се регистрирани недвижностите. Значи, имаме една палета на проблеми поврзани со прашањето на недвижностите. Затоа е многу битно овој закон да се донесе што побрзо. Претседателот кажа, ние овој закон го чекаме 15 години. Јас се сеќавам на еден период од 1997 година кога што со ФАРЕ проект беше зачнат ваков проект, тоа беше Проектот за земјишна политика и катастар каде што првата компонента земјишната политика доведе до крајна консеквенца да се донесе законот за градежно земјиште.

Меѓутоа, за жал во времето на владењето на ВМРО-ДПМНЕ се откажа втората компонента, катастарот, па ако се вратиме station наназад тоа значеше најмалку пет години порано да го имаме донесено овој закон. Со оваа динамика што ја ставивме дека 2010 година треба да ја покриеме целата територија на Република Македонија, денес ние требаше да имаме 100% покриена територија. Меѓутоа, за жал, оваа компонента отпадна уште тогаш, не знам зошто, не знам од кои причини, така што денес сме тука каде што сме, 2003 година во октомври со проектот на Светската банка беше иницииран овој проект, денес тој беше иницииран да се изработи во форма на закон, меѓутоа, еве по две години добиваме измени и дополнувања на постојниот закон со ветување дека во наредните две години ќе се изработи закон. После толку напори кои ги имавме во Комисијата, јас мислам дека и ваквиот закон во доволна мера со измените и дополнувањата ќе биде добар за спроведување во пракса.

Овој закон инаку треба да се поврзе со блиски закони до овој законски акт, обврзувачки за градење на материјата по овој закон се и до сега донесените закони за сопственост и други стварни права, потоа за заштита на личните податоци, за територијалната организација на локалната самоуправа, Законот за локална самоуправа, Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопствесност, кој го донесовме на почетокот на оваа година, Законот за градење кој го донесовме претходно и Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Во врска со овој закон би сакал да кажам дека овој и наредниот закон многу е битно да ги одразуваат целите кои се назначени во еден многу значаен документ, а тоа е документот Катастар 2014, документот на Меѓународната федерација на геодетски инженери, документ кој е изграден врз база на анализа на постојните катастарски системи спроведени во 31 држава и основната намена на тој документ е да создаде амбиент и препораки за реформирање или трансформација на традиционалните катастари, особено значајни за земјите во транзиција. Ние како држава и до сега имавме една категорија на технички катастар и затоа би сакал, бидејќи ќе зборувам веројатно по амандманите, доколку се јави потреба, не би го задржувал времето во амандманската расправа или по делови од законот, меѓутоа, би сакал да го кажам мојот став по однос на насловот на самиот закон, кој е навистина многу долг и искрено мислам дека овој закон треба да се вика закон за катастар. Зошто го мислам тоа? Тоа го мислам затоа што премерот во суштина е техничка категорија на катастарот и тој е целосно содржан во процесот на аквизиција на податоците. Од друга страна пак, запишувањето на правата на недвижности, што е еден од мотивите за реформирање на Катастарот, е само една од функциите на Катастарот. Оттука, за мене, бидејќи во оваа фаза е премногу доцна да се врши корекција на самиот наслов, мислам дека за наредната фаза кога ќе се донесува новиот закон треба да биде краток и јасен самиот наслов на Законот, Закон за катастар.

И една аномалија која според мене ја има во законот, можеби има и други, меѓутоа, онаа аномалија која што ценам дека можеби требаше во овој момент да се корегира, во самиот закон не е ставен вон сила Сојузниот закон со кој се регулираат основните геодетски работи и топографските работи. Тоа е законот за основите на геодетските дејности од интерес на целата земја, тоа е стар закон од СФРЈ, а Уставниот закон го презеде Република Македонија. Со него се регулираат работите со тригонометриската мрежа од прв ред, кои во предлогот на законот остануваат исто така нерегулирани и сеуште во важност ќе биде тој закон, така што се надевам дека со наредните закони тоа ќе се корегира.

Инаку, ние како Комисија во дебатата најмогу допревме три генерални проблеми кои се јавуваа во самиот закон, а тоа беше заштита на

сопственоста, монополската позиција на Државниот завод за геодетски работи и на крајот приватната пракса, за која што можам слободно да кажам дека со амандманите го усогласивме издавањето на лиценците и на неопходната документација околу овластените геодети со Законот за градба, со кој што беше воставено Комората на овластени архитекти и инженери, каде што постои едно одделение за геодетски инженери.

Еве, за почеток во тој дел би рекол толку, инаку, јас како пратеник и како известител на Пратеничката група на СДСМ ќе дадам поддршка на овој закон и се надевам дека во наредниот период ќе се направи еден нов закон во една постапка што ќе биде транспарента во наредниот период. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Тромбев.

Повелете господине Стојаноски, имате збор.

**Блаже Стојаноски:** Благодарам господине Јордановски.

Овој закон навистина е многу значаен закон и факт е дека требаше да се донесе многу порано. Јас се надевам дека не е предоцна неговото донесување, затоа што во основата како основна цел на овој закон е утврдување и дефинирање на правото на сопственост, кое претставува основно право во сите демократски држави. Тука улогата на Катастарот на Државниот завод за геодетски работи, во досегашниот период е поставена во една монополска позиција во контекст на ова прашање, што беше огромна, меѓутоа, ако се земе ова предвид со сите оние случувања кои се случија во Република Македонија во последните 15 години, а пред се зборувам за една состојба која беше затекната со осамостојувањето на Република Македонија и преминот од еден систем во друг, тоа е општествената сопственост и нецелосно дефинираната државна сопственост, создаде едни огромни проблеми кои директно се одразија врз работењето на Катастарот и врз целосното дефинирање на правото на сопственост. После тоа следеше приватизацијата на капиталот, која единствено значеше земање податоци од една евиденција која не беше поткрепена со документи за сопственост кои што се прифатени како релевантни документи за овозможување тие недвижности да се внесат во имотни листови. Значи, се изврши една приватизација на државниот и општествениот капитал, која што беше заснована не врз основа на имотни листови кои ги поседуваат тие компании и тие фирми, туку врз основа на податоци кои произлегуваа од Државниот завод за геодетски работи, меѓутоа, не можеа тие да бидат релевантни и понатаму да бидат дефинирани како податоци кои нема да создаваат натамошни спорови во смисла на прашањето на сопственоста.

Тука може да се отвори прашањето на денационализацијата, затоа што во целиот процес на приватизација имаше земјишта и објекти кои требаше да бидат резервирани за идните сопственици на вакви земјишта и објекти кои поседуваат или сметаат дека поседуваат некакви права заради тоа што им биле на незаконски начин одземени тие имоти. Од овие причини, се создаде уште еден проблем, значи од еден цел имот кој постоеше за една фирма, која што требаше да биде приватизирана требаше да се подели кој е тој резервиран дел кој понатаму треба да се изземе, на пример, од приватизационата процедура низ кој поминуваат тие фирми. Заради тоа, Катастарот се најде во една многу непријатна ситуација, да треба да носи акти, да запишува состојби кои не беа засновани на релевантни документи.

Од друга страна, се доведоа во ситуација да прифаќа како релевантен документ акти што ги носеше Агенцијата за приватизација, а тие акти се носеа врз основа на барањата што ги доставуваа фирмите чии што приватизации беа во тек до Агенцијата за приватизација, а таа повторно со известување до Катастарот ги известуваше дека тие имоти треба да бидат запишани на име на некого или некоја фирма, која станала во меѓувреме сопственик, а сетоа тоа без претходно да постои доказ за сопственост на тие имоти. Ова е и објективно, не е само заради овие приватизациони процеси, заради денационализацијата, заради состојбата во областа на сопственоста која што беше затекната во 1990 година. Факт е дека во Република Македонија Катастарот многу доцна почна да функционира како таков заради наследството од Отоманската империја, затоа што зборуваме за една проблематика која што треба многу подолго station наназад да се гледа и да се видат корените на проблемите кои се рефлектираат врз тие состојби.

Значи, тргнувајќи од објективни, пред се, ситуации и од една политика која што се водеше со брзање за завршување на одредени работи, од друга страна, со доцнење на суштински работи кои што треба да се направат, а тоа е дефинирањето на правото на сопственост, кое пред се треба да се врши преку Катастарот, Република Македонија се доведе во ситуација 15 години да нема Катастар на недвижностите на нејзината територија и како што кажа колегата Тромбев, запишувањето е завршено само во обем од 45%, иако јас имав податок кој беше извлечен од Светската банка преку изјавата на нејзината претставничка која што вели дека 70% од сите недвижности во Република Македонија не се регуларно или воопшто не се заверени во Катастарот. Овде се работи за потребата за спроведување на стечајните постапки. Сега пред еден час го донесовме Законот за стечај, првата фаза, кој директно се однесуваше на забрзување на постапките за стечај, кои директно се поврзани со правото на сопственост на имотите кои влегуваат

во тие фирми кои паднале во стечај. За таа работа се обвинуваа стечајните управници и други во други постапки, меѓутоа, основната е во немањето имотни листови, токму ова што го кажам претходно, дека во Република Македонија компаниите и фирмите и оние кои функционираат и оние кои одат во стечај го немаат регулирано или запишано правото на сопственост на законски начин, што ќе значи неспорно утврдување на правото на сопственост. Од тие причини, се доведува Република Македонија во една ситуација да треба брзо да ги заврши тие стечајни постапки, да се продаде имотот, да се рестартираат фабриките, а од друга страна нема можност за да се спроведат тие процедури, со оглед на тоа што, за да може да се распише јавна постапка за продажба на имотот и намирување на доверителите претходо е неопходно да се извади имотен лист, за кој претходно исто така е неопходно да се плати, а од друга страна имаме фирма во стечај која отишла во стечај заради тоа што немала способност за плаќање, не била солвентан.

Значи, овој дел треба исто така да се има предвид за да се реши, затоа што Катастарот не треба да се занимава со водење на политички прашања за решавање, сепак, ова е во сферата на економската политика за импликации кои ги зборував до сега, меѓутоа, Владата на Република Македонија во целина треба да даде придонес за надминување на овие проблеми кои директно се рефлектираат врз работата на Катастарот.

Од друга страна, кредитните можности зависат пред се од можностите за гаранции. Знаеме дека во Република Македонија банките бараат обезбедување кое е хипер обезбедување, не супер обезбедување туку хипер обезбедување, затоа што земаат еден спрема три, еден спрема четири како гаранција, а од друга страна немањето имотни листови или проблемите кои се настанати или наследени во целиот овој период наназад директно влијаат на неможноста на компаниите и физичките лица да можат да бидат поддржани со кредитни активности, кои дефакто ќе значат можност за нивни натамошни вложувања, што директно влијае врз вкупната економска состојба на Република Македонија.

Во однос на она што е за поздравување во овој закон, јас сакам навистина да искажам едено задоволство што почнува да се сфаќа дека вршењето на геодетските работи од страна на физички и правни лица претставува нешто што е неопходно во Република Македонија и тоа се верификува со овој закон, што е за поздравување. Со ова драстично ќе се намали чекањето на оние кои бараат услуги од Катастарот, кој до сега единствено беше овластен да ги врши овие активности, затоа што немањето на доволен број на стручни кадри, самата поставеност, финансиските проблеми и така натаму, не му овозможуваше на Катастарот да му одговори на барањата на граѓаните и на правните лица, а од друга страна на овој начин ќе се овозможи ослободување од еден голем товар и забрзување на тие постапки во интерес на соптвениците на имоти. Затоа, она што треба како приоритет да го има Катастарот треба да биде пред се во однос на завршување на една иницијатива или постапка која е почната во него, а тоа е електронската форма и дигитализацијата на катастарските планови, планови кои ќе значат многу големо олеснување на сите оние процедури и активности кои треба да ги спроведува Катастарот, меѓутоа и многу полесно ќе можат да се вршат работите и да се одговара на барањата на граѓаните во овој поглед. Да не должам многу, сметам дека парите кои што се утврдени со овој закон како средства потребни за спроведување на законот, кој треба да се реализира во овој период од четири години, со тоа што претходно испуштив да кажам дека Државниот завод за геодетски работи, сепак продолжува со овие активности кои треба да ги вршат физички и правни лица кои ќе добијат лиценца за вршење ваква дејност, меѓутоа, тоа продолжување е ограничено на две години и потоа фактички во целина приватните лиценцирани овластени лица, правни и физички ќе можат во целина да ги вршата работите кои им се дадени согласно Законот за катастар.

Кога зборуваме за средствата за спроведување на законот, во предлогот за донесување на овој закон е наведено дека за спроведување се потребни околу 17 милиони и 800 илијади евра. Средствата, како што е наведено тука, треба да се обезбедат со кредит од Светската банка во износ од 10 милиони и 300 илјади евра, за вршење на премер и така натаму, да не ги цитирам сите работи кои треба да се реализираат со тие пари, потоа со Проектот СИДА како донација од Шведската влада се обезбедени 3 милиони евра, 500 илјади евра има Пилот проект - Катастар на недвижности што се одвива во Куманово, а јас се надевам дека вакви проекти ќе продолжат низ сите катастари во Република Македонија, затоа што факт е дека и просторно и во однос на опременоста треба многу да се вложува, за да навистина Катастарот претставува еден современ орган кој ќе одговара целосно на вршењето на своите функции и во однос на средствата уште Норвешкиот проект, со кој врз основа на кредит се обезбедуваат 2,5 милиони евра.

Овде сакам да истакнам дека за жал, навистина за жал, во финансиската конструкција на овој Проект - Катастар на недвижности и регистрација се планираат средства од Републичкиот буџет во износ од само 1 милион и 500 илјади евра. Значи, зборуваме за кредит од Светската банка, кредити и донации од Шведска, Норвешка и така натаму, меѓутоа, самата Република Македонија, Владата на Република Македонија неопходно е да одвои поголем износ на средства за вака суштинско прашање. Ова е работа која што долги години требало да се сработи и сега во овие четири години сметам дека многу поголема потреба за

финансиски средства ќе има за целосна реализација на овој проект, отколку што тоа се потрудила да го направи Владата на Република Македонија преку средствата од 1 милион и 500 илјади евра за реализација на овој проект.

Јас ќе го поддржам овој закон и се надевам дека на овој начин Катастарот и воопшто, Владата на Република Македонија и сите ние, ќе направиме еден голем чекор во функција на подобрување и на економскиот амбиент во Република Македонија и на целосно поставување на катастарот на недвижности, објекти, земјиште и се надевам дека подземниот катастар, треба да почне со реализација во некој догледен период, затоа што тоа е исто така од суштинско значење, заради сите оние инвестициони зафати што треба да се реализираат, а кои што треба, сепак да знаат каде можат да копаат, каде можат да градат и тн.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Ѓорѓиев имате збор.

**Драган Ѓоргиев:** Благодарам претседателе.

Почитуван претседател, почитувани претставници на Владата, почитувани пратеници,

Јас сосема кратко, само ќе се обидам да го опфатам тоа што не беше кажано од претходните дискутанти. Неколку позитивни измени кои што, според мене, се суштински, сакам да ги истакнам.

Првата измена која што значително ќе го подобри овој текст на законот е можноста за поединечното запишување на правата на недвижности.

Поединечното запишување на правата на недвижности, ќе се врши по барање на странка во премерени и непремерени катастарски општини, каде е во примена катастар на земјиште.

Сега, посебно е важно при поединечното запишување на правата на недвижности во премерените катастарски општини, податоците за земјиштето, ќе се превземаат од постојниот катастар на земјиште, а податоците за објектите ќе се прибираат, со увид и премер на самото место, додека во непремерените катастарски општини, податоците за земјиштето и зградите ќе се пребијат со увид и премер на самото место, за што уредно ќе бидат писмено известени сопствениците на соседните катастарски парцели.

Со оваа измена, се обезбедуваат законски услови за поединечно запишување на правата на недвижности, при што се овозможува непречено доставување на залог, односно хипотека, што до сега беше невозможно, долгорочен закуп или концесија на недвижности во катастарските општини, што во иднина ќе стимулира додатни приватни инвестирања во овие делови. Тоа посебно е важно да се истакне, затоа што до сега немаше законска можност, за вакво поединечно запишување на правата на недвижности.

Понатаму, вредно е да се истакне дека суштинска измена е и конверзијата на податоци од катастар на земјиште, во катастар на недвижности. Сега ќе имаме за краток рок и за помалку пари установување на катастар на недвижности, на целата територија во периодот кој што ќе следи и тоа се однесува само за земјиште надвор од населени места, каде всушност, ќе се користат досегашните податоци од премер на земјиште и се очекува конверзијата да се реализира на делот преку 300 катастарски општини, додека никаква измена нема во населените места и таму ќе си постои редовниот режим на законска постапка, како што беше и до сега.

Во делот кој што е најсуштински во оваа измена, воведувањето на приватната геодетска пракса, затоа што исклучиво Државниот завод за геодетски работи ги вршеше целокупните геодетски работи, но не се постигнаа очекуваните резултати, ниту востановувањето и одржувањето на катастарот на недвижности, а уште помалку во извршувањето на геодетските работи, барање на физички и правни лица. Овдека имавме одлоговлекување на постапката некаде и со години.

Затоа, се предвидува решение за геодетски работи од страна на физички и правни лица и овде како комисија, сметам дека имаме суштински амандмани, кои што, еве, сугерираме до предлагачот да ги прифати и дел од нив се прифатени. Посебно сакам да истакнам во членот 103-в од измената која што ни е предложена, во ставот 2, каде што се предлага трговско друштво за геодетски работи, да може да основа само овластен геодет. Тука се дава на тој овластен геодет да биде исклучиво тој основач. Тоа според мене, ниту е уставно, ниту е возможно, затоа што ако ниеден овластен геодет нема финансиски средства да основа фирма, нема да ги уценува тие што ја основаат, тој да биде основач, туку тој може да биде вработен, основач и сите други услови кои што ги имаат сите граѓани во Република Македонија. И затоа, како комисија, предлагаме ова да се брише.

Понатаму, значајна измена која што ја предлагаме по овој Предлог, се однесува на член 103-м, се додаваат два нови става, кои што претежно се однесуваат на тоа, државните службеници да не можат да учествуваат во работата на трговец поединец, како овластен геодет и трговско друштво за геодетски работи, за да немаме конфликт на интереси, злоупотреба на функциите каде што работат и тн.

Третата измена која што сакам да ја истакнам зашто е важна, е во делот исто комисијата предлага амандман на членот 109-а, каде што се додава нов став 2, кој гласи: "Државниот завод за геодетски работи е должен, податоците од премерот и катастарот на недвижности да ги издава по редоследот на поднесените барања и во рок не подолг од три дена". Ова е суштинско, затоа што на пример, ако имаме распишан тендер, кој што со Државниот завод за геодетски работи за обезбедување на податоци поднеле пет или 10 странки, можеме ако имаме злоупотреба

од страна на Државниот завод за геодетски работи, намерно да му се издадат после пет или 10 дена, да се испуштат роковите со тендерот. А овде се скратува рокот на три дена и по редоследот на поднесените барања се издаваат и податоците од страна на Државниот завод за геодетски работи.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот, а бидејќи немаме кворум, затоа што неколку комсии работат, јас тука давам пауза до 15,00 часот.

(Пауза од 13,40 часот).
(По паузата седницата продолжи со работа во 15,02 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата, Десетте минути за кворум течат.

Ги молам службите да утврдат бројот.

Благодарам, сега сме 61 .

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеника, сите гласале за, нема воздржан, нема против, а во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеника, 56 гласале за, еден воздржан, нема против, во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани за менување на член 6; за менување на член 18; за бришење на член 19; за бришење на член 20; член 27 за менување на став 2 и за додавање нов став 3; член 45 за менување на новиот член 103-е; член 45 за менување на новиот член 103-ж; член 45 за додавање нов член 103-п по новиот член 103-о; член 54 за менување на новиот член 122-б и за менување на член 64 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 17; член 20 во новиот член 58-а став 1; член 25 став 1 за додавање нова втора реченица; член 45 во новиот член 103-ж став 1, точки 1, 2 и 3 и за додавање нова точка 4 и на член 62 ставови 2 и 3 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за транспорт, врски и екологија поднесе амандмани на член 1 став 2; член 3 став 2; за додавање нов член 8-а по членот 8; за менување на член 11; член 16; за додавање нов член 21-а по членот 21; член 24; член 32 точка 3; член 36 во новиот член 81-ѓ ставови 1 и 2; член 45 за менување на новиот член 103-а; член 45 во новиот член 103-б за додавање два нови става по ставот 1; член 45 за бришење на новиот член 103-в; член 45 во новиот член 103-д за додавање три нови става по ставот 1; член 45 за бришење на новиот член 103-ѓ; член 45 за менување на новиот член 103-е; член 45 во новиот член 103-ж став 2 и за додавање нов став 3 по ставот 2; член 45 за бришење на новите членови 103-з, 103-ѕ, 103-и, 103-ј и 103-к; член 45 во новиот член 103-љ став 1 и за бришење на став 2; член 45 во новиот член 103-м за додавање два нови става по ставот 1; член 45 во новиот член 103-н став 1 и за бришење на ставот 2; член 50 во новиот член 109-а за додавање нов став 2 по ставот 1; член 53 за додавање нова точка 6 по точката 5; член 54 во новиот член 122-а; член 53 во новиот член 122 точки 1, 2 и 3 и за додавање нова точка по точката 2; член 54 за бришење на новите членови 122-в и 122-г; член 56 во новиот член 124-а; член 56 во новиот член 124-а за додавање нова точка 7 по точката 6; за додавање нов член 62-а по членот 62 и за додавање нов член 63-а по членот 63.

Во меѓувреме, Комисијата за транспорт, врски екологија заради усогласување со амандманите на Владата согласно член 166 став 2 од Деловникот поднесе амандмани за бришење на ставот 2 на поднесениот амандман 11 што се однесува на член 45 во новиот член 103-б за додавање два нови става по ставот 1 и за заменување на зборовите "лиценца" односно "лиценцата" со зборовите "овластување" односно "овластувањата" во целиот текст на Предлогот на законот.

Истовремено Комисијата за транспорт, врски и екологија ги повлече амандманите за додавање нов член 21-а по членот 21; член 24; член 45 за менување на новиот член 103-е; член 45 во новиот член 103-ж став 2 и за додавање нов став 3 по ставот 2 и на член 53 во новиот член 122 точки 1, 2 и 3 и за додавање нова точка по точката 2 VI, VII, XV, XVI и XXIV амандман, кои се точки 12, 13, 25, 26 и 34 од Списокот на редоследот на амандманите по кои се води претрес.

Пратеникот Силвана Бонева поднесе амандмани на член 2; за додавање нов член 17-а по членот 17; за менување на член 19; за додавање нов член 19-а по членот 19 за менување на член 57; за додавање нов член 19-а по членот 19 за менување на член 58; за бришење на член 20; за менување на член 28; за додавање нов член 39-а

по членот 39; член 40; член 45 во новиот член 103-ѓ за додавање нов став 2 по ставот 1 и на член 51 став 1 и за бришење на ставовите 2 и 3, по кои Владата не се прозинела.

Дали можам да го прашам претставникот на Владата, овде не се групирано, но да ја скратиме макава, дали со сите амандмани со кои што се согласил повереникот на Владата, со согласува претставникот?

**Субхи Јакупи:** Се согласувам.

**Љупчо Јордановски:** Значи сите амандмани, со кои што се согласил повереникот на Владата, се согласува и претставникот. Според тоа, тоа ќе го имаме предвид.

Тоа значи дека амандманот на член 1 став 2, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија е прифатен од страна на претставникот на Владата, бидејќи се согласил повереникот на Владата и тој станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 2, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменико министерот за правда, повелете.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Госпоѓо Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Членот 2 гласи, во моментов, со предлогот на законот дека катастарот на недвижностите служи за запишување и заштита на правата на недвижностите.

Со амандманот што го предлагам сметам дека дефиницијата треба да биде променета и да гласи: "Катастарот на недвижностите служи за запишување и", наместо "заштита", да стои "одржување на правата на недвижностите".

Согласно постојните членови од Законот за катастар на недвижности, членот 3 став 2 и членот 8, Катастарот е јавна книга што е збир на податоци од премерот на земјиштето и утврдување на правата, опфаќајќи ги и промените на недвижностите и на правата на недвижностите по извршениот премер, а тоа е одржување на Катастарот. Така што Катастарот не служи и не може да служи за заштита на правата на недвижности.

Оттаму го предлагам амандманот што се однесување на замена на предложениот термин со "одржување".

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи никој повеќе нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

(Реакции од место)

Госпоѓо Топузова, ако некој треба да се нервира, треба јас да се нервирам. Ќе причекаме.

(Реакција на дадената забелешка)

Благодарам што ја делите мојата нервоза, благодарам.

Службите нека го утврдат бројот.

(Службите го утврдуваат бројот)

Благодарам.

Присутни се 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, од 61 присутен, 10 гласале за амандманот, нема воздржани и 47 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на член 3 став 2, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија, со што се согласи повереникот на Владата станува составен дел на текстот на законот, бидејќи и претставникот на Владата се согласи претходно.

Амандманот за додавање нов член 8-а по членот 8, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија, со кој што се согласил повереникот на Владата, станува составен дел на текстот на законот, бидејќи се согласил претставникот.

Амандманот за менување на член 11, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија, со кој што се согласил повереникот на Владата, а се согласи и претставникот на Владата, станува составен дел на текстот на законот.

Амандманот на член 16, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија, со кој што се согласил повереникот на Владата, а се согласи и претставникот на Владата, станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 17-а по членот 17, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда, повелете.

**Субхи Јакупи:** За овој амандман да кажам дека начинот на запишување на долготрајниот закуп, како и други права на недвижности ќе бидат регулирани со подзаконски акти, а не со овој закон, па затоа не се прифаќа амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Госпоѓо Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам претседателе.

Новиот член 17-а што го предлагам, сметам дека треба да гласи: "Реален дел на недвижност се запишува врз основа на физичка делба направена помеѓу носители на правото на сопственост, кои

претходно стекнале идеален дел на недвижности, со упис во јавната книга.

При запишувањето на долготраен закуп врз градежно земјиште се запишува основот на долготрајниот закуп, врз основа на договор или одлука на суд, со назнака дали е со надоместок или без надоместок, видот на долготрајниот закуп на градежното земјиште и рок на траење, ако е воспоставен како плодоуживање".

Со предложените решенија се усогласува и се овозможува остварување на правната содржина на нови стварни права што се востановени во меѓувреме, од видот на долготраен закуп на градежно земјиште. Тргнувајќи од решенијата дадени во Законот за градежно земјиште, во однос на долготрајниот закуп, неговото настанување, начинот и видот на долготрајниот закуп, правната содржина на тоа право и друго се наметнува потребата од запишување на тоа право и неговото остварување, според принципите на апсолутност, што е основ и во членот 27, 29 и другите од Законот за градежно земјиште.

Во однос на предлогот од став 1 на амандманот се надминува неусогласената практика во однос на примената на правото кога носител на правото стекнува реален дел на недвижност, односно дилемите дали е можно пренесување и запишување на идеален дел, како реален, без притоа да се стекне условот за физичка делаба, како основ за реален дел.

Тргнувајќи од принципот дека никој не може да располага со нешто што не го стекнал, јасно е дека и не е можно да се прши пренос на правото на сопственост на идеален дел што ќе биде истовремено утврден и како реален, а да притоа не се направи физичка делба.

Имено, согласно Законот за вонпроцесна постапка, "Службен весник на СРМ" и Законот за сопственост и други стварни права, членот 50 основен услов за физичката делба е дека таа се врши помеѓу сосопственици. Така, во случај на купопродажба на идеален дел на недвижност не може да се врши и веднаш физичка делба, со оглед дека купувачот не станал сопственик за да пристапи кон делба. Односно, после неговото запишување како сосопственик на идеален дел, може да се пристапи кон делба на недвижноста, се дотогаш додека може да се дискутира за друг вид делба што не е физичка: делба на права на управување и располагање, користење и слично на заеднички ствари.

Значи, од тие причини сметам дека треба овој член да биде составен дел на законот.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Повелете господине Томиќ, имате збор.

**Зоран Томиќ:** Многу кратко претседателе, овој амандман апсолутно не треба да се прифати, затоа што директно оди во штета на граѓаните на Република Македонија.

Имено, пренос на правото на недвижност, што може да се врши на повеќе начини значи и пренос на идеални делови од одреден имот. Доколку ние граѓаните ги задолжиме да граѓаните вршат прво физичка делба па потоа пренос на имот, тоа е страшно оптоварување за граѓаните и не служи во функција на законот што го донесуваме.

Од овие причини предлагаме амандманот воопшто да не се прифати.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 8 гласале за амандманот, нема воздржани и 54 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 19, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда, повелете.

**Субхи Јакупи:** Содржината на прописот за начинот на запишувањето на правата на недвижностите, исто така ќе биде утврдено со подзаконски акт, па затоа не се прифаќа овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не е пријавен за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници од 63 присутни, 5 гласале за амандманот, нема воздржани, 53 против амандмнот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 19-а по членот 19 за менување на член 57, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда, повелете.

**Субхи Јакупи:** Членот 51 е јасен и прецизен и со него се дефинираат видовите на запишување во Катастар на недвижностите, укнижувањата и придвижувањата, така што правниот основ за укнижување и прикнижување го определува и

начинот на нивното запишување, затоа не се прифаќа овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Господо Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Сметам дека е неопходно потребно да се додаде нов член што треба да гласи: "Запишувањето во Катастарот на недвижности се врши врз основа на исправни составена во законски пропишана форма, а под исправи се подразбираат исправи согласно Законот за општа управна постапка и заверени приватни исправи, налози на извршител, понатаму одлуки за привремени мерки и правосилни судски одлуки врз основа на закон, конечна одлука на државен орган и одлука за забрана за располагање на државен орган".

Со измена на членот 58 од Законот се усогласуват основите за запишување на правата врз недвижности, настанати поради одредени неусогласености со други закони: Законот за извршна постапка, Законот за општа управна постапка, Закон за персонален данок и други како и поради воведувањето нови институции во правниот систем на Република Македонија: нотари, извршители и нивните акти, како основ за запишување на права врз недвижности.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 6 гласале за амандманот, 1 воздржан, 53 против, во салата се присутни 62 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 19-а по жленот 19 за менување на член 58, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда.

Повелете господине Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Мислам дека е малку измешано, бидејќи претходно зборуваше Силвана Бонева за овој член, меѓутоа овој амандман не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Претходниот амандман беше на член 57, а сега е член 58.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни, 53 гласале, 4 гласале за амандманот, 2 воздржани, 47 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот .

Бидејќи Владата на Република Македонија поднесе амандман за бришење на член 20, по амандманот поднесен од пратеникот Силвана Бонева за бришење на член 20, кој е точка 11 од Списокот на редоследот на амандманите по кои се води претрес, нема да водиме претрес.

Мислам дека е тоа истиот амандман што Владата го поднела со вашиот, тоа е бришење на членот 20.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 28 поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда.

Господин Јакупи, повелете.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Господо Бонева повелете.

**Силвана Бонева:** Сметам дека треба да се измени членот 72 и да гласи:

Во постапката за излагање на јавен увид за потребите на мерење на површината на земјиштето и утврдување на податоците на земјиштето, односно за објектите што се изградени на нив, нивната положба, облик, посебните делови од згради и помошни објекти, органот што ја води постапката одлучува со заклучок за вршење на мерењето и утврдување на податоците со увид на лице место на катастарската парцела за која што се врши изложување и на граничните парцели, доколку е тоа потребно на потребата.

Со заклучокот се наложува на сопственикот на катастарската парцела, за што се врши изложување и на сопствениците на граничните парцели да овозможат да се изврши мерење, утврдување на податоците на земјиштето, заради утврдување на состојбата.

Заклучокот се доставува до учесникот во постапката и сопствениците на градежните парцели.

Во случај на непознати адреси, доставата се врши на адреси од евиденцијата на последниот катастар на земјиште, во кој случај доставата се смета за уредна.

Заклучокот претставува извршен основ за административно извршување по службена должност, што го спроведува Комисијата за излагање на јавен увид.

Жалбата против заклучокот не го стопира извршувањето.

Органот за внатрешни работи е должен да и даде на Комисијата за излагање, на нејзино барање, помош при спроведување на извршувањето.

Со овој вид на посебна одредба, во постапката на излагање на податоците за недвижностите се обезбедува во постапката на увид да се обезбеди извршност, како административно извршување за увид на површините на катастарската парцела, исто така и моделот за надминување.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе,

Амандманот предложен од колешката Силвана Бонева и Илија Китановски, на член 28 за менување на член 72, воопшто не е во функција на забрзување на постапката. Напротив предложениот амандман упште повеќе ги комплетира постапките и воопшто не е стручно направен и плус тоа амандманот има и грешка. Сопствениците на граничните парцели во градежништвото не постојат гранични парцели постои градежна регулациона линија, гранични парцели нема таква дефиниција во градежништвото. Постојат градежни парцели кои ги прочитав во предложението, така да има и грешка во амандманот и воопшто не е функциона за образование на постапките, затоа им предлагам на предлагачите да го повлечат амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи никој не е пријавен за збор, го заклучувам претресот по амандманот, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 пратеника, 57 гласале, 3 за амандманот, 1 воздржан, 53 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на член 32 точка 3 поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија со кој се согласи и повереник а истсо така се согласил и претставникот на Владата и тој стана составен дел на законот.

Амандманот на член 36 во новиот член 81-ѓ ставови 1 и 2, поднесеон од Комисијата за транспорт, врски и екологија со кој се согласил и повереникокт на Владата се согласил и претставникот на Владата и затоа е составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за додавање на нов член 39-а по членот 39 поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Госпоѓо Бонева повелете.

**Силвана Бонева:** Смената која што ја предлагам се усогласува правната содржина и нејзината примена на правото на хипотека на залог според членот 225 од Законот за сопственост и други стварни права.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи никој не е пријавен за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 5 гласале за амандманот, нема воздржан 57 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 40 по поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор.

Госпоѓо Бонева повелете.

**Силвана Бонева:** Ако не се изврши измената со предлог амандманот, ќе остане отворено прашањето дали е дозволена жалба против решението за отфрлање или промена на правото во катастарот.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Ајде да се договориме вака нешто. Она што Владата не го прифатила тоа веќе нема потреба некој да збори во прилог. Ако имате во прилог за амандманот тогаш зборете. А, ако имате да реплицирате на тоа, на објаснењето на тоа што тој што се бори за амандманот мислам дека е излишно времето да се слуша. Освен ако смета дека амандманот треба да се прифати, тогаш дискутирајте, а ако не треба тогаш не дискутирајте.

Бидејќи никој не се пријавил за збор го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 пратеника, 53 гласале 4 пратеници за амандманот, нема воздржано, 49 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Мене логично ми изгледа доскутираат оние кои што го поддржуваат амандманот, бидејќи Владата го одбива. Тоа ми е логично.

Може мојата логика техничка не функционира во правна логика, али сме барем ефикасни.

Амандманот на член 45 за менување на новиот член 103 ја поднесува Комисијата за транспорт, врски и екологија, со кој се согласил и повереникот на Владата а се согласил и претставникот денеска, станува составен дел од текстот на законот.

Комисијата за транспорт врски и екологија на 6 септември 2005 година, поднесе амандман 11 на

член 45, во новиот член 103-б за додавање два нови става по ставот 1.

На 14 септември 2005 година, Комисијата поднсе амандман за бришење на став 2 на амандманот 11 со кој извршил усогласување со амандманите на Владата на Република Македонија и заради тоа ќе водиме претрес по амандманот на член 45 во новиот член 103 -б, за додавање нов став по ставот 1.

Отворам претрес по амандманот на член 45 во новиот член 103- за додавање на нов став по ставот 1 поднесен од Комисијата за транспорт врски и екологија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Јакупи, повелете.

**Субхи Јакупи:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен, и танува составен дел од текстот на законот.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи никој не е пријавен за збор, го заклучувам претресот по амандманот, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 пратеника, 57 гласале, 3 за амандманот, 1 воздржан, 53 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на член 32 точка 3 поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија со кој се согласи и повереник а истсо така се согласил и претставникот на Владата и тој стана составен дел на законот.

Амандманот на член 36 во новиот член 81-ѓ ставови 1 и 2, поднесеон од Комисијата за транспорт, врски и екологија со кој се согласил и повереникокт на Владата се согласил и претставникот на Владата и затоа е составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за заменување на зборовите "лиценца" односно "лиценцата" со зборовите "овластување" односно "овластувањата" во целиот текст на Предлогот на законот, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда господинот Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен, и станува составен дел од текстот на законот.

Нема објаснување, прифатен е амандманот.

Каква корекција?

Повелете господине Тромбев, да чуеме што е работата.

**Томе Тромбев:** Почитуван претседателе, претставникот на Владата го прифати, меѓутоа има една техничка грешка и заради тоа се јавив. На крајот "лиценца" лиценцата, "овластување" овластувањето. Таму и овластувањата напишана, овластувањето тоа во стенограмот да влезе.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Цветанка вие сте член од Законодавно правна комисија, правничка сте ова да ни го толкувате.

Дали може техничка интервенција да се направи или ова е суштински значи нешто различно.

**Цветанка Ивановска:** Добро, во ред, ова веќе не е моја работа во моментов, меѓутоа ако се согласи претставникот на предлагачот може да биде составен дел.

**Љупчо Јордановски:** Значи, господине заменик министре, станува збор за една буква, наместо "овластувањата", да биде "овластувањето", да биде во еднина, а не во множина.

**Субхи Јакупи:** Се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Тоа не е техничка грешка, има множина и еднина.

Значи,"от" станува составен дел од законот.

Отворам претрес по амандманот на член 45 за бришење на новиот 103-в поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија со кој се согласи повереникот на Владата а исто така и претставникот и станува составен дел од Текстот на законот.

Амандманот на член 45 по новиот член 103-д за додавање три нови става по ставот 1 поднесен од Комисијата за транспорт и екологија со кој исто така се согласи повереникот на Владата, а денеска се согласи и претставникот на Владата, станува составен дел од Текстот на законот.

Амандманот на член 45 за бришење на новијот член 103-г поднесен од Комисијста за транспорт, врски и екологија е прифатен од повереникот на Владата, се согласи и претставникот на Владата и станува составен дел од Текстот на законот.

Амандманот на член 45 во новиот член 103 -ѓ за додавање нов став 2 по ставот 1 поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Отворам претрес по тој амандман.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Јакупи.

Повелете.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Госпоѓо Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Предлагам да се додаде нов став 2 по ставот 1 на членот 103-ѓ кој што треба да гласи "Комисијата за полагање испит се формира од членови од кои еден е од редот на професори, еден од Министерството за финансии, од Дирекцијата за имотно правни односи и еден од Републичката геодетска управа. Овој амандман се поднесува заради зголемување

на објективноста на процесот за добивање на лиценца за овластен геодет и заштита од евентуални злоупотреби".

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Ивановска, повелете.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе.

Најнапред, сакам да реагирам на вашиот коментар дека со амандмани со кои што не се согласил повереникот, претставникот на Владата дека не треба да дискутираме. Еве, ќе искористам да го објаснам тоа во овој амандман.

На Комисијата за транспорт и врски постигнавме усогласеност со сите политички партии, пред се, експерти во оваа област, а тука беа господинот Балковски, господинот Томе Тромбев, господинот Ѓорѓиев, Цветле Јаневска и сите членови на Комисијата, околу усогласувањето на овој закон со Законот за градење. Токму овој амандман се однесува на Комисијата за полагање на испит. Кога дискутиравме за законот за градење констатиравме сите дека Владата се откажува од надлежностите во овластување на лицата учесници во изградбата, а во овој закон и во вршењето на геодетските оперативни работи. Така што формирањето на Комисијата се регулира со подзаконски акти, како што беше и во Законот за градење. Околу тоа прашање пратениците во Собранието постигнаа консензус. Затоа, сметам дека овој амандман колешката Бонева која што не е стручна во оваа област, без да се навреди да го повлече амандманот поради ефикасност на Собранието.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** И, јас што сум згрешил во мојата забелешка, објаснете ми. Вие не го прифаќате амандманот, не го прифаќа Владата, мнозинството исто така нема да го прифати. Ве молам, крајниот ефект е ист. А, ако имате во прилог на амандманот, можеме да зборуваме. Мислам дека тоа не е деловнички, но како правило да го воспоставиме.

Госпоѓо Бонева, повелете имате реплика.

**Силвана Бонева:** Колешке Ивановска, од ВМРО ДПМНЕ во Комисијата за транспорт и врски нема претставник и немаше можност ВРМО-ДПМНЕ да го искаже својот став. А, без оглед на тоа што јас не сум стручна во оваа проблематика, консултирав експерти кои што го кажаа своето мислење по однос на прашањето.

**Љупчо Јордановски:** Една минута контра реплика госпоѓата Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе,

Мислам околу Комората на овластени архитекти и овластени инжењери во ова Собрание се водеше широка дебата при носењето на Законот за градење. Затоа, околу ова прашање исто така и во медиумите беше постигнато постигнат еден широк консензус околу тоа во овластувањата и полагањето на испитите и надлежностите при доделување на лиценци и овластувања. Затоа, госпоѓо Бонева не само учеството во Комисијата за транспорт и врски, тоа е прашање на Комисијата за избори и именувања да размисли околу тоа прашање. Меѓутоа, тој став беше кристално јасен и затоа сугерирав повлекување на амандманот.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Нема никој пријавен и нема понатаму да давам коментари.

Го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеници, 2 пратеници гласале за, нема воздржан, 52 пратеници гласале против.

Бидејќи 54 пратеници е доста ниска бројка во однос на кворумот, службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Го поништувам гласањето, ни фали еден пратеник за кворум.

Ги молам пратениците да влеазат во салата.

Сега сме присутни 62 пратеници.

Го повторувам гласањето.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 4 гласале за, нема воздржани, 54 пртеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амаднманот.

Амандманот на член 45 за бришење на новите членови 103-з, 103-и, 103-ј и 103-к, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија. Со овој амандман се согласил повереникот на Владата, се согласил и претставникот на Владата и станува составен дел од текстот на законот.

Амандманот на член 45 во новиот член 103-ј став 1 и за бришење на став 2 поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија е составен дел на законот.

Амандманот на член 45 во новиот член 103-м за додавање два нови става по ставот 1 поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија е сотавен дел на текстот на законот.

Амандманот на член 45 во новиот член 103 став 1 и за бришење на став 2, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија е составен дел на текстот на законот.

Амандманот на член 50 во новиот член 109-а за додавање нов став 2 по ставот 1 поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија е составен дел од текстот на законот.

Амандманот на член 51 став 1 и за бришење на ставовите 2 и 3, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

По него отворам претрес.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Јакупи.

Повелете.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 64 пратеници, 59 пратениците гласале, 6 пратеници гласале за амандманот, нема воздржани, 53 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собанието не го усвои амандманот.

Амандманот на член 53 за додавање нова точка 6 по точката 5, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија е составен дел на текстот на законот.

Амандманот на член 54 во новиот член 122-а поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија е составен дел на текстот на законот.

Амандманот на член 54 за бришење на новите членови 122-в и 122-г, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија е составен дел на текстот на законот.

Амандманот на член 56 во новиот член 124-а поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија е составен дел од текстот на законот.

Амандманот на член 56 во новиот член 124-а за додавање нова точка 7 по точката 6, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија е составен дел од текстот на законот.

Амандманот за додавање нов член 62-а по членот 62, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија е составен дел од текстот на законот.

Амандманот за додавањ нов член 63-а по членот 63, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија е составен дел од текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 57 пратеници гласале за, 2 воздржани, а 3 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот.

Благодарам господа пратеници, продолжуваме во вторник во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 16,03 часот).